**КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ**

Број 02-5/3

Датум 24. I 2012 година

СКОПЈЕ

Врз основа на членот 13 т. 4 од Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Македонија (Комората), Собранието на Комората на својата седница одржана на 24.01.2012 год. година донесе

# ОДЛУКА

за утврдување на висината на годишната членарина

1. Висината на годишната членарина за членовите на Комората изнесува 50 евра почнувајќи од 24.01.2012 година.

2. Членарината од точка 1 на оваа одлука се плаќа во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на РМ на денот на извршување на уплатата.

3. Плаќањето на членарината од страна на овластените архитекти и овластените инженери е задолжително и започнува со денот на запишување во Именикот на овластени архитекти и овластени инженери.

4. Членовите на Комората кои до денот на влегување во сила на оваа одлука не платиле една или повеќе годишни членарини должни се тоа да го сторат веднаш и тоа во висина од 80 евра колку што изнесува членарината до денот на донесување на оваа одлука.

5. Неплаќање на членарината во предвидените рокови повлекува санкции што ги утврдува Комората.

6. Одлуката влегува во сила на денот на донесувањето.

7. Одлуката се објавува на веб страницата на Комората и во гласилото на Комората.

8. Одлуката да се достави до: Собранието и архивата на Комората.

Претседавач на Собранието

д-р Горан Марковски